РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 2347/4
23-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) 55- та седница, продолжение одржано на ден 17.11.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 2347 од 2021 година оформен врз основа на пријава доставена од познат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради тоа што за предметниот случај се води постапка пред друг надлежен орган.

Одлуката на ДКСК, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 2347 од 2021 година е оформен врз основа на пријава бр. 12 - 2347/1 од 29.06.2021 година, доставена до ДКСКод познат подносител – -------------- која се однесува на кривична пријава против лицето ---------- -----------, стечаен управник на „------------" во стечај, поради злоупотреба на службена положба и овластување и здружување со друго лице, и --------- --------- од --------, за организирано и отуѓување на имотот на наведеното правно лице каде најголем доверител било Минисерството за финансии, а со што причинета била штета на буџетот на РСМ и се овозможило наведените лица да се стекнат со значителна противправна имотна корист.

Заради проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара податоци и информации од Основното јавно обвинителствоСкопје по однос на тоа дали до ова обвинителство била поднесена предметната кривична пријава, како и за евентуалниот исход од надлежното постапување на обвинителството по истата. По разгледувањето на прибавената документација по офоремниот предмет, ДКСК го констатира следново:

- На ден 19.08.2021 година, од страна на група граѓани, до Основното јавно обвинителство Скопје била поднесена кривична пријава против ------------- -------------, стечаен управник на „----------" во стечај и --------- -----------, без да биде наведено конкретно кривично дело.
- Предметот во обвинителството бил заведен под КО бр.------- и по истиот не е донесена јавнообвинителска одлука, бидејќи се работело за нов предмет.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај по однос на поднесената кривична пријава во тек е постапка пред друг надлежен орган, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Подносителот
Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р Ш.С, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk